Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со дел II Проектни активности, точка 3. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 18/2017 и 06/2018), а во врска со член 2 од Одлуката за објавување на Оглас за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош бр. 09-6767/6 од 24.08.2018 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 09/2018 ) Општина Карпош објавува

# ОГЛАС

## за доделување на Стипендии за за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2018/19 година

### I. Услови за доделување стипендија

- Да се жители на општината Карпош и
- спортистите да се редовни ученици во VIII или IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош.

### II. Критериуми за доделување стипендија

Спортистот потребно е да има постигнување на егзактни (индивидуални) спортски резултати, добиени од матичните национални спортски федерации и да се во согласност со календарот на натпревари на националните федерации за периодот од 01.09.2017 година до 31.8.2018 година:

- освоено индивидуално државно првенство I место (1 бод);
- освоено индивидуално државно првенство II место (0,5 бода);
- репрезентативец на Македонија (3 бода);
- награда за индивидуални постигнување на државно првенство (3 бода);
- балканско првенство I или II место (4 и 3 бода).

Останати успеси и резултати кои не се во согласност и организација со календарот на натпревари од национални и меѓународни спортски федерации, нема да се земат предвид.

## III. Потребни документи

Со барањето учесниците на Огласот треба да достават:

- Потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик во VIII или IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош,
- биографија на спортистот,
- важечки документ (потврда) издадена од матичната национална федерација за спортските успеси и резултати.

## IV. Висината на стипендијата и рангирање

Висината на стипендијата ќе изнесува 3.000,00 и 2.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.

За освоени до два бода, висината на стипендијата изнесува 2.000,00 денари.

За освоени три и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

## V. Начин на пријавување

Документите се доставуваат во Архивата на Општина Карпош (барака 2) или по пошта на ул. Радика бр. 9 – Скопје, со назнака „За доделување на Стипендии за талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2018/19 година“ за Комисија за спорт при совет на Општина Карпош.

## VI. Рок за поднесување на документи

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 17.09.2018 година.

Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

ОПШТИНА КАРПОШ